ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КРАТОВО
Бр.: 12-1223/1
22.10. 2021 год.
КРАТОВО

Врз основа на член 46 став 1 од Законот за урбанистичко планирање(Сл.весник на Република Северна Македонија бр.32/20),Градоначалникот на Општина Кратово објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС**

**за пријавување на заинтересирани лица за членување во Партиципативното тело на Општина Кратово од областа на урбанизмот**

Се повикуваат сите заинтересирани лица,претставници на невладините организации од различни сегменти на урбаниот живот,здруженија на граѓани и граѓански активисти од подрачјето на општината,стручни лица од областа на урбанистичкото планирање и другите стручни области суштествени за планирањето и одрживиот развој на урбаното и руралното подрачје на општината,да се пријават за членови на Партиципативното тело на Општина Кратово од областа на урбанизмот.

Јавниот оглас е распишан за периодот од 22.10.2021 до 22.11.2021година.

Пријавите да се достават до архивата на Општина Кратово во определениот рок или по пошта на адреса ул.Плоштад маршал Тито бр.1,Кратово.Истите треба да содржат контакт информации(име и презиме и контакт телефон),како и кратко образложение за начинот на кој заинтересираното лице смета дека ќе придонесе во работата на партиципативното тело(образец во прилог).

Лицата чии што пријави ќе бидат прифатени,ќе бидат назначени за членови на партиципативното тело и за истото ќе бидат известени во писмена форма.

Цел на Партиципативното тело е обезбедување на инклузивност,партиципативност и јавност во процесот на урбанистичкото планирање.Партиципативното тело ќе ги преставува сите различни интереси и интересни групи во општина Кратово и ќе ги пренесува ставовите,мислењата и потребите на граѓаните и правните лица,ќе ги следи состојбите во планирањето преку давање иницијативи,насоки и сугестии за изготвување на плански решенија и во постпката за изработување и донесување на плановите ќе ги разгледува планските програми и планските решенија на урбанистичките планови во нивната работна верзија.

Учеството на лицата вработени во единицата на локалната самоуправа во партиципативното тело е по службена должност,а на лицата што не се вработени во единицата на локалната самоуправа е на доброволна основа.

Партиципативното тело заседава најмалку еднаш на два месеци и има консултативна улога во постапката за изработување и донесување на урбанистички планови,особено ја разгледува планската програма во фаза пред да му биде предложена на градоначалникот за одобрување,како и урбанистичкиот план во фаза на урбанистичко планско решение пред да биде дадено на стручна ревизија.Работата на партиципативното тело е јавна.

Начинот на работа и бројот на членови на партиципативното тело се уредуваат во деловникот на партиципативното тело што го донесува советот на единицата на локалната самоуправа,при што бројот на граѓански членови на партиципативното тело што се пријавиле на добровона основа не е ограничен.

**Општина Кратово**

**Градоначалник**

**д-р.Љупчо Бојаџиев**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КРАТОВО * КРАТОВО 1213 1